ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА НА

## НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (631)

01 2021 05 05/2

Скопје, октомври 2021

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 11 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Биланс на состојба | 13 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 14 - 15 |
| - Сметководствени политики | 15 - 16 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 17 - 19 |

Кратенки користени во извештајот:

НУ НОБ – Национална установа Национална опера и балет;
МОБ – Македонска опера и балет;
ДДВ – Данок на додадена вредност;
МНТ – Македонски народен театар;
УЈП – Управа за јавни приходи
УО – Управен одбор;
РСМ – Република Северна Македонија.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-164/18

Дата: 06.10.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Националната установа Национална опера и балет на сметка за основен буџет (631) за 2020 година.

За финансиските извештаи за 2020 година изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Национална установа Македонска опера и балет Скопје за 2010 година и е изразено негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (631) како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.
Во 2014 година извршена е ревизија на успешност и издаден е извештај за финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во МОБ со која е констатирано дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.
Бидејќи од извршените ревизии е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходните ревизии не беше предмет на тековната ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2020 година констатирано е:

- надоместокот за изнајмување на сценски простор не е конкретно прецизиран со што е овозможено субјективно формирање на цените при закупот, како и издавање на простор и по пониски цени од минималниот праг на цените предвидени во актот за определување на цени за издавање под закуп;
- изнајмување на рекламен простор без претходно донесен акт од органот на управување за утврдување на висината на овој вид на закуп;
- склучување на анекс договор за закуп на деловен простор без овластување од страна на надлежното министерство;
- не е извршен попис на побарувањата од купувачите и обврските за ДДВ како основа за реално и објективно искажување на билансните позиции во Билансот на состојба;
- исплатени се награди на вработени лица во НУ НОБ за дополнително ангажирање кои не се во согласност со законските прописи.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Во делот **Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет** , ревизијата известува за:

- присилна наплата по извршни решенија од страна на извршителите како резултат на состојбите со ненавремена исплата на обврските кон добавувачите согласно роковите утврдени во склучените договори наведени во точка 6.1. во извештајот на НУ НОБ – сметка на основен буџет (603), кои влијаат врз располагањето со приходите по основ на закуп на деловен простор и исплата на редовните обврски од работењето.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 12 и 13 заедно со ревизија на усогласеност на Националната установа на сметката на основен буџет, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2021 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Национална установа Македонска опера и балет Скопје за 2010 година и е изразено негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (631) како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.
Во 2014 година извршена е ревизија на успешност и издаден е извештај за финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во МОБ со која е констатирано дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на НУ НОБ застапуван од:

- Васо Ристов, директор на НУ НОБ од 03.08.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на доставни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доставни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти,

во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот 09.03.2021 до 11.06.2021 година (со повремени прекини во текот на ревизијата од страна на членовите на тимот) кај Националната установа од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Национална установа Македонска опера и балет Скопје за 2010 година и е изразено негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (631) како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.
Во 2014 година извршена е ревизија на успешност и издаден е извештај за финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во МОБ со која е констатирано дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.
Бидејќи од извршените ревизии е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходните ревизии не беше предмет на тековната ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 30.06.2021 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Констатацијата наведена во точка 4.2.4. од извештајот на НУ НОБ – сметка на основен буџет (603), а кои се однесуваат на ангажирање на физички лица по договор преку авторска агенција за вршење на работни задачи предвидени со актот за систематизација се однесуваат и за оваа сметка. При тоа по наведениот основ од оваа сметка исплатени се 236 илјади денари.

### 4.2. Финансиски извештаи

Биланс на приходи и расходи

4.2.1. Во деловните книги на НУ НОБ евидентирани се приходи од закуп на деловен простор во износ од 1.364 илјади денари. По извршен увид во начинот на фактурирање и наплата на приходите ревизијата ги утврди следните состојби:

- Управниот одбор донел Одлука за минимални цени за издавање на сценскиот простор[1] но со истата надоместокот за изнајмување на просторот е утврден како минимален износ, со што е овозможено субјективно формирање на цените при закупот. Исто така во самата одлука не е наведен периодот за кој се издава просторот (месечно, еднократно, неделно и сл.) за утврдениот минимален надоместок. Утврдивме фактурирање кога за различно времетраење на користење, просторот е преотстапен за истиот износ;
- по извршен увид во договорите за закуп, ревизијата утврди дека просторот е издаден и по пониски цени од минималниот праг на цените предвидени во наведената Одлука;
- НУ НОБ остварила приходи од изнајмување на рекламен простор без донесен акт од органот на управување за утврдување на висината на овој вид на закуп и без претходно направени пресметки;

[1] Одлука за минималните цени за издавање на сценски простор бр.02-245/7 од 28.01.2016 година.

- склучен е Анекс договор за закуп на деловен простор, при што за негово склучување не е обезбедено овластување од Министерство кое го склучило основниот договор во 2013 година култура, што не е во согласност со член 98 став 3 од Законот за култура.

Погоре наведените состојби не се во согласност со член 12 и член 17 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, како и член 12 и член 13 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и не обезбедуваат потврдување на износот на приходите од закуп кој реално треба да биде остварен.

Препорака:
Одговорните лица во НУ НОБ да преземат мерки и активности:
- усвојување на ценовник за одредување на цената за издавање на сценскиот простор;
- да се донесе ценовник за изнајмување на рекламен простор;
- при склучување на анекс договор за закуп на деловен простор надлежното министерство кое ја спровело постапката, да пристапи кон негово склучување или за истото да издаде писмено овластување.

Биланс на состојба

4.2.2. Со увид на состојбата на Побарувања од купувачи во земјата искажана во деловните книги и извршениот попис за 2020 година ревизијата го утврди следното:
- не е извршен попис на побарувањата преку проверка и потврдување на правниот основ за постоење на побарувањата, периодот од кога потекнуваат и какви мерки се преземени за наплата на ненаплатените побарувања, како што е уредено со член 21 од Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- во деловните книги на установата со состојба на 31.12.2020 година евидентирани се побарувања од купувачи во вкупен износ од 6.246 илјади денари. Утврдивме дека во овој износ побарувањата со старосна структура над три години учествуваат во вкупен износ од 5.338 илјади денари, за кои не се преземени соодветни мерки за наплата односно утврдување на рокот на застареност и отпис во минатите години.

Погоре наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Законот за облигациони односи и не обезбедува потврдување на реалноста и објективноста на искажаните побарувањата.

Препорака

Раководното лице во НУ НОБ да преземе мерки и активности за извршување на целосен попис на побарувањата од купувачите, наплата на побарувањата или нивно отпишување од сметководствената евиденција доколку истите се застарени и не може да се наплатат.

4.2.3. На позицијата Обврски за ДДВ евидентирани се 4.079 илјади денари како почетно салдо од минати години. Со извршениот увид ревизијата утврди дека станува збор за долг од МНТ за обврски кон Управата за јавни приходи по основ на неплатен данок на додадена вредност до 31.10.2004 година кои се пренесени на НУ МОБ по извршената поделба со Делбен биланс[2] од 2007 година. Во делбениот биланс е уредено дека двете страни се согласни прашањето на поделба на оваа обврска да се решава дополнително и со посредство на министерството за култура. На ревизијата не и беа презентирани докази дека во досегашниот период се преземени активности за решавање на прашањето со пренесените обврски за ДДВ. Пописната комисија нема извршено попис на обврските и не се преземени активности за утврдување на старосната структура, потврдување на истите со УЈП и можноста за отпис на истите. Наведената состојба не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и одредбите од член 29, член 31-в и член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Нецелосно и неправилно извршениот попис влијае врз реално и објективно искажување на билансните позиции од Биланс на состојба на ден 31 декември и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

Препорака

Одговорното лице на НУ НОБ да преземе активности за целосно спроведување на пописот на обврските за ДДВ, нивно потврдување со УЈП, како и утврдување на старосната структура и можноста за спроведување на отпис на истите.

### 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. Во текот на 2020 година за награди на вработени лица во НУ НОБ исплатени се средства во износ од 87 илјади денари по фактури од авторска агенција врз основа на поединечни Одлуки за секоја исплата донесени од директорот на НУ НОБ и во различен износ по лице. Одлуките за исплата се донесени повикувајќи се на Одлука за наградување на работниците[3] од 2008 година донесена од УО на МОБ. Наградите се доделени за дополнително вложен труд од страна на вработени или за вршење работни задачи покрај редовните и од друго работно место врз основа на писмено

[2] Делбен биланс бр.03-3468/1 од 03.09.2007 година
[3] Одлука за наградување на работниците бр.02-786/11 од 29.02.2008 г.

известување од директорот. Ревизијата утврди дека извршувањето на ваквите дополнителни задачи не е засновано врз поткрепувачка документација за докажување на дополнителниот ангажман на вработените, а Одлуката за наградување на работниците се повикува на стари акти на МОБ и не е усогласена со законските прописи. Ваквата исплата не е во согласност со член 105 од Законот за работни односи каде што е уредено дека работникот има право на заработувачка-плата согласно со закон, колективен договор и договор за вработување, член 17 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на РСМ[4] согласно кој работникот има право на додатоци на плата по основ на прекувремена работа, работа ноќе, работа во три смени, работа во ден на неделен одмор, како и член 63 и член 69 од Колективниот договор за култура, што има влијание врз финансиската состојба на установата.

Препорака
Органите на управување и раководење на НУ НОБ да обезбедат соодветна примена на законските и подзаконските акти и колективниот договор во делот на исплата на надоместоци на вработените.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 4.1. до 4.3., кои се основ за изразување мислење, се:

- надоместокот за изнајмување на сценски простор не е конкретно прецизиран, како и издавање на простор по пониски цени од минималниот праг на цените предвидени во актот за определување на цени за издавање под закуп;
- изнајмување на рекламен простор без претходно донесен акт од органот на управување за утврдување на висината на овој вид на закуп;
- склучување на анекс договор за закуп на деловен простор без овластување од страна на надлежното министерство;
- не е извршен попис на побарувањата од купувачи во износ од 6.246 илјади денари и обврски за ДДВ во износ од 4.079 илјади денари како основа за реално и објективно искажување на билансните позиции во Билансот на состојба;
- исплатени награди на вработени лица во НУ НОБ за дополнително ангажирање кои не се во согласност со законските прописи.

[4] (Сл.весник на РМ бр.10/2008 и 85/09)

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НУ НОБ на ден 31 декември 2020 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.3. погоре, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ НОБ, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Состојбите со ненавремена исплата на обврските кон добавувачите согласно роковите утврдени во склучените договори наведени во точка 6.1. во извештајот на НУ НОБ – сметка на основен буџет (603) придонесуваат за присилна наплата по извршни решенија од страна на извршителите кои се рефлектирани и на оваа сметка. Во текот на 2020 година по основ на извршни исправи од страна на извршителите исплатени се 333 илјади денари од сметката на основен буџет (631) во кој износ се вклучени и трошоците за камати и судски трошоци. Учеството на исплатите по извршни исправи изнесува 25% во однос на вкупните трошоци на НУ НОБ. Ваквата состојба има влијание врз редовната исплата на обврските.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 6 од Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2020 година и член 37-г од Законот за буџети НУ НОБ како единка корисник има обврска да изготви финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки и истиот да го достави до надлежното министерство. На ревизијата и беше презентиран финансиски план за прв и четврти квартал, додека за втор и трет квартал не бил изготвен бидејќи финансискиот план за првиот квартал имал динамика на реализација и во останатите два квартали. Притоа кварталниот финансиски план е изготвен за расходни ставки но не и за планирани приходи. Според добиените образложенија ваквата состојба се

должи на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 и мерките на Владата на РСМ кога установата во голема мера не функционирала според утврдената динамика што пак води кон намалени приходи. Ваквата состојба има влијае на планирањето на приходните и расходните ставки за тековната година според потребите и приоритетите на НУ НОБ.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 1.410 | 4.439 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 31 | 15 |
| **Вкупно приходи** | | **1.441** | **4.454** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 997 | 4.108 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.2. | 333 | 228 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.330** | **4.336** |
| **Вкупно расходи** | | **1.330** | **4.416** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **111** | **38** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 110 | 37 |
| Побарувања | 4.1.2. | 6.246 | 9.256 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 2 | 37 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 4.601 | 4.553 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10.959** | **13.883** |
| **Вкупна актива** | | **10.959** | **13.883** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.1. | 4.601 | 4.553 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.2. | 28 | 35 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 6.330 | 9.295 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10.959** | **13.883** |
| **Вкупна пасива** | | **10.959** | **13.883** |